**20160942399**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

Врз основа на член 57 став (4) од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр.188/13, 148/15, 192/15 и 55/16), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИОТ ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК И ПРИЗНАВАЊЕТО НА ПАТНИТЕ ТРОШОЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТИТЕ НА МЕДИЈАЦИЈАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на пресметување на месечниот паричен надоместок и признавањето на патните трошоци на членовите на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата (во понатамошниот текст: Одборот), за присуство на седниците на Одборот.

Член 2

(1) Висината на месечниот паричен надоместок на членот на Одборот се пресметува во зависност од редовноста на членот на закажаните седници на Одборот врз основа на записникот од одржаната седница на Одборот.

(2) Вкупниот месечен паричен надоместок на членот на Одборот се дели на бројот на одржани седници во месецот за кој се пресметува, со што се добива износот за надоместок за секоја одржана седница на Одборот.

(3) Месечниот паричен надоместок за членот на Одборот се намалува сразмерно на бројот на отсуства од закажаните седници. На членот на Одборот не му следува месечен паричен надоместок доколку во тековниот месец не присуствувал или не се одржала, ниту една седница на Одборот.

Член 3

На членот на Одборот чие работно место не е во Скопје, за присуство на седница на Одборот му се признаваат патни трошоци во висина на вредноста на повратен билет за користење на редовен меѓуградски автобуски превоз.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-1813/3
9 мај 2016 година
Скопје

Министер за правда,
м-р **Валдет Џафери,** с.р.